ОПШТИНА ПРОБИШТИП
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1*
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Бр. 10–3/4 од 09.01.2024 год.** **До** ________________________________
**Пробиштип** ________________________________

**Почитувани,**

Врз основа на член 49 став (4) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.32/20), Ве известуваме дека ќе се одржи

ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА (повторна)
со стручно презентирање на

**Предлог план за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех. број 23/2021 од јануари 2024, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје, ќе се одржи на ден **25.01.2024 год.** (четврток) со почеток во **12.00** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата - Пробиштип.

ПОВТОРНА ЈАВНА АНКЕТА (повторна) по

**Предлог план за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех. број 23/2021 од јануари 2024, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје, ќе трае **12** (дванаесет) **работни дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **10.01.2024 год.** до **26.01.2024 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на **анкетните листови**, кои можат да ги подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од ***web*** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем ***e-urbanizam.*** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Предлог план за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, објавен во информацискиот систем ***e-urbanizam*** и на ***web*** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1*
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
[www.probistip.gov.mk](http://www.probistip.gov.mk) [info@probistip.gov.mk](mailto:info@probistip.gov.mk)

горенаведениот план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат. Се со цел навремено доставување на писмени забелешки, предлози или мислења преку анкетни листови и активно учество во повторната јавна анкета и јавна презентација, Ве покануваме да ја разгледате и направете увид во истата на web страната на Општина Пробиштип: [www.probistip.gov.mk](http://www.probistip.gov.mk) во периодот на времетраењето на јавната анекта. Доколку во овој временски рок не доставите анкетни листови, ќе се смета дека немате никакви забелешки, предлози или мислења по Предлог план за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Урбан Блок 11, Урбан модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип.

Изготвил: Ј.Дукоска диа JORDANKA DUKOSKA
Digitally signed by JORDANKA DUKOSKA
Date: 2024.01.10 09:01:10 +01'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги
Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2024.01.10 09:43:42 +01'00'

**м.п.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник**
**Драган Анастасов**

Dragan Anastasov
Digitally signed by Dragan Anastasov
Date: 2024.01.10 10:44:12 +01'00'